**Снежана ПЕТРОВА**

# УЛОГАТА НА СОВЕТИТЕ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ И ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА ВО УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЈАВНОТО ЗДРАВЈЕ

## 1. Вовед

“Јавното здравје” е систем од знаења и вештини за спречување на болести, продолжување на животот и унапредување на здравјето преку организирани напори на општеството (Acheson, 1988). Согласно Законот за јавно здравје на Република Македонија, преку системот на јавно здравје се следи и анализира здравствената состојба на населението со цел за истата да се подобри преку влијанието за факторите на ризик по здравјето како што се факторите од животната средина, причинителите на болести, начинот на живеење и социо – економските фактори (Закон за јавно здравје, 2010).

Системот за јавно здравје во Република Македонија има богата безмалку 90-годишна традиција, период во кој се постигнати бројни успеси пред сѐ во искоренување и заштита од многу заразни болести, но и период во кој е воспоставен систем од јавно-здравствени институции со високо-специјализирани кадри од областа на јавното здравје, и систем кој во

*Авторот е специјалист по хигиена и здравствена екологија, Раководител на Одделението по хигиена, Центар за јавно здравје Велес и Претседател на Совет за јавно здравје на општина Велес*

2010 година го постави своето функционирање преку основните јавно-здравствени операции и под капата на посебен Закон за јавно здравје. Преку посебна Програма за јавно здравје, финансирана од Буџетот на Република Македонија се спроведуваат акции за имплементација на основните јавно-здравствени функции како што се надзор над заразните и незаразните болести, процена на ризиците од животната средина, адаптација кон климатските промени, но и подготвеност за справување со сите видови кризни состојби, промоција на здрави животни стилови и рана превенција на некои болести кои се товар на современиот начин на живот. Посебно внимание се посветува и на заштита на здравјето на ранливите категории население и маргинализираните етнички групи (Стратешка рамка и Акциски план за јавно здравје на РМ до 2020).

## 2. Законска рамка

Со Законот за јавно здравје се уредуваат спроведувањето на основните функции и задачи на јавното здравје, системот на јавно здравје, јавно-здравствените вонредни околности и финансирањето на јавното здравје.

Цели на законот се:

1. да се зачува и унапредува здравјето на населението;
2. да се овозможи спроведување на основните функции и задачи на јавното здравје преку организирани мерки и активности што ги превземаат државните органи, институции, единиците на локална самоуправа и други правни и физички лица во соработка со здравствените установи;
3. да се унапредува и јакне меѓуресорската соработка во спроведувањето на основните функции на јавното здравје;
4. да се унапредува и јакне соработката меѓу надлежните министерства и единиците на локалната самоуправа и јавниот и приватниот сектор и граѓаните во зачувувањето и унапредувањето на здравјето на населението;
5. да се обезбеди соодветен одговор во случај на јавно-здравствена потреба и итност и појава на јавно-здравствена вонредна околност;
6. да се обезбеди спроведување на меѓународните здравствени правила и
7. да се уредат специфични прашања од јавното здравје кои не се уредени со друг закон.

### *2.1 Основни функции на јавното здравје*

"Основни функции на јавното здравје" се група на основни активности со кои се третираат детерминантите на здравјето, се заштитува и чува здравјето на населението и се превенираат болести од јавно/здравствено значење, и тоа:

- следење и процена на здравјето и благосостојбата на населението;
- идентификување, предвидување, испитување и ублажување на здравствените проблеми и здравствените опасности во заедницата;
- заштита на здравјето, процена на потребите и активностите потребни да се обезбеди заштита на здравјето;
- превенирање на болести преку мерки на примарна и секундарна превенција;
- унапредување на здравјето и здравствената едукација;
- предлагање за донесување и спроведување на закони и други прописи со кои се обезбедува заштита на здравјето, особено преку безбедноста на храната, водата, воздухот, работното место и земјиштето;
- обезбедување компетентен мултидисциплинарен јавно-здравствен кадар;
- поддршка и спроведување на истражувања за здравјето;
- развој и планирање на јавно-здравствени политики;
- подготовка и управување со јавно-здравствени вонредни околности, вклучително и превенција, реакција и ублажување на последиците; и
- обезбедување на меѓусекторски партерства и учество на заедницата за унапредување на здравјето и намалување на нееднаквостите.

За исполнување на основните функции на јавното здравје клучна е соработката со многу чинители на сите нивоа: националната и локалната власт, стручната јавно-здравствена и научно-истражувачка јавност, индустријата, деловниот сектор, општата јавност и граѓанското општество со вклучување на секој поединец.

### *2.2 Организација на системот за јавно здравје*

Системот за јавно здравје кој обезбедува услови за зачувување и унапредување на здравјето на населението е мрежа составена од граѓаните, семејствата, заедницата, здруженијата на работодавачи, работодавачите, синдикатите и вработените, здравствените, образовните, социјалните, културните и други установи, средствата за јавно информирање и современите медиуми, хуманитарни, верски, спортски и

други организации, фондот за здравствено осигурување, единиците за локална самоуправа, како и државни органи и здруженија на граѓани и фондации, кои учествуваат во спроведувањето на основните функции на јавното здравје.

***2.3 Координација и соработка***

За подобра координација и интерсекторска соработка, Владата на Република Македонија формира:

***Национален совет за јавно здравје*** како советодавно тело за прашања од областа на јавното здравје, кои се однесуваат на надлежностите на две или повеќе министерства. Националиниот совет го сочинуваат председател и 14 члена претставници од Министерство за здравство, Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за труд и социјална политика, Министерство за образование и наука, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерство за локална самоуправа, Институтот за независни експерти од областа на јавното здравје. Со Националниот совет претседава министерот за здравство.

Во вертикалното спроведување на основните функции на јавното здравје на локално ниво вклучени се **Советите за јавно здравје** *кои* се формираат од страна на единиците на локална самоуправа на своето подрачје. Советот се состои од пет члена од кои четири се претставници на општината и еден од центарот за јавно здравје кој делува на подрачјето на општината од областа на јавното здравје.

Советите за јавно здравје ги проучуваат прашањата и политиките во областа на јавното здравје, изготвуваат мислења, даваат иницијативи и/или предлози до органите на единиците за локална самоуправа.

## 3. Формирање и работа на Советот за јавно здравје на Општина Велес

Согласно Законот за јавно здравје и Статутот на Општина Велес (Сл. гласник на Општина Велес бр.12/06,03/09 и 18/10) донесе Решение за формирање на Совет за јавно здравје на 15.07.2013год.

**Советот за јавно здравје** е формиран на 24.10.2013 година и е составен од пет членови: еден претставник од Центарот за јавно здравје и четири претставници од општината.

Советот за јавно здравје на подрачјето на Општина Велес работи согласно усвоени Деловник за работа и Годишна Програма за работа.

Советот за јавно здравје Велес го има следниот делокруг на работа:

- Советот се грижи за доследно спроведување на одредбите од Законот за јавно здравје, притоа изработува и му предлага на Советот на општината програмски мерки за унапредување на јавното здравје на подрачјето на Општина Велес, согласно утврдените состојби во одредени области;
- Советот проучувајќи ги прашањата и политиките во областа на јавното здравје дава мислење во однос на материјалите и предлозите по кои расправа и ги предлага до Советот на општината на разгледување и усвојување;
- Советот работи континуирано на процесот на собирање и обработка на податоци за состојбите како би можел да ги идентификува мерките кои треба да се преземат од страна на органите на општината и други субјекти;
- Советот учествува во креирање и донесување на стратегијата за развој на Јавното здравје на општината, Програмата на општината итн.

Во Табела 1 се прикажани активностите на Советот за јавно здравје, согласно неговата годишна програма за работа.

Табела 1. Годишна програма за работа на Советот за јавно здравје на Општина Велес за 2016 година

| Мерки | Временска рамка | Одговорни институции | Индикатори | Финансиски средства |
|---|---|---|---|---|
| **1.Превентивни активности за унапредување на здравјето на населението** | | | | |
| **1.1 Надзор и следење на заразни болести** | | | | |
| Подготовка на Предлог-Програма со мерки за заштита на населението од заразни болести | Годишно | ЕЛС и ЦЈЗ Велес | Усвоена предлог програма | Од буџет на локална самоуправа |
| Иформирање за движење на заразните болести на територијата на локалната самоуправа | Месечно | ЦЈЗ Велес | Доставен извештај | Национална годишна програма за јавно здравје |
| Годишна информација за движење на болести за 2015 година | Март 2016 | ЦЈЗ Велес | Доставена информација | |
| **1.2 Спречување на појава на заразни болести** | | | | |
| Превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација во воспитно-образовни установи | Тековно | ЕЛС и ЦЈЗ Велес | Спроведена дезинфекција во училишта, градинки | Буџет на локална самоуправа и |
| Информација за ДДД во воспитно образовни установи за 2015 | март 2016 | МОН | Доставена информација | МОН |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **1.3 Акциски план за контрола на вектор-преносливиболести со посебен акцент на комарци и крлежи** | | | | |
| - Стручно мислење со предлог мерки и мапа на теренот<br><br>- Санација на околината, чистење на теренот и отворените канали, исушување на застоени води и бари, соодветно одложување на комунален и друг отпад<br><br>- Едукација на населението за вектор-преносливи болести | тековно март 2016<br><br>тековно<br><br>тековно | ЕЛС и ЦЈЗ Велес<br><br>ЕЛС<br><br>ЕЛС и ЦЈЗ Велес | Изработено стручно мислење со предлог мерки<br><br>Саниран терен и исушени застоени води<br><br>Изготвени и поделени флаери | Буџет на локална самоуправа<br><br>Буџет на локална самоуправа<br><br>Буџет на локална самоуправа |
| **1.4.Процена на здравствено-еколошкиот ризик во врска со квалитето на водите за пиење** | | | | |
| Екстерен мониторинг на водата од Јавно комунално претпријатие<br><br>Мониторинг на исправноста на водата од локални водоводи, селски чешми и слично, со кои не стопанисува јавно комунално претпријатие | Согласно законска регулатива<br><br>годишно | ЕЛС, ЈКП и ЦЈЗ Велес<br><br>ЦЈЗ Велес | Склучен договор помеѓу ЈКП и ЦЈЗ Велес<br><br>Анализа за проценката на здравствениот ризик од водата за пиење | Буџет на локална самоуправа<br><br>Национална годишна програма за јавно здравје |
| **1.5.Процена на здравствено-еколошкиот ризик од квалитетотна површинските води од јавно-здравствен аспект** | | | | |
| **Мерки** | **Временска рамка** | **Одговорни институции** | **Индикатори** | **Финансиски средства** |
| Санитарно-хигиенски увиди со физичко-хемиска и бактериолошка анализа на површинските води | годишно | ЦЈЗ Велес | Информација за санитарно-хигиенската состојба и квалитет на водите за капење на подрачјето на ЦЈЗ со мерки за санација за заштита и/или намалување на здравст.ризик | Национална годишна програма за јавно здравје |
| **2. Здравствено-воспитна активност** | | | | |
| **2.1.Здравствена едукација на целни групи(воспитно образовни установи)** | | | | |
| Социјалните медиуми и нивните ефекти врз здравјето на луѓето<br><br>Сексуално-преносливи инфекции<br><br>Со физичка активност до поздрав живот<br><br>Правилна исхрана на младите луѓе и здравствените ризици од неправилната исхрана<br><br>СИДА | февруари-март<br><br>април-мај<br><br>септември -октомври<br><br>ноември-декември<br><br>декември | ЦЈЗ Велес<br><br>ЦЈЗ Велес<br><br>ЦЈЗ Велес<br><br>ЦЈЗ Велес<br><br>ЦЈЗ Велес | Број на одржани предавања<br><br>Број на одржани предавања<br><br>Број на одржани предавања<br><br>Број на одржани предавања<br><br>Број на одржани предавања | Буџет на локална самоуправа<br><br>Национална годишна програма за јавно здравје |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **2.2. Советувалиште за сексуално и репродуктивно здравје** | | | | |
| Интензивирање на посетеноста во советувалиштата преку медиумска промоција на советувалиштата | Месечно | ЕЛС и ЦЈЗ Велес | Медиумски месечни инфо соопштенија | Нема фискални импликации |
| **2.3.Едукативни трибини** | | | | |
| - Превенција на акутни и хронични незаразни болести<br>- Активности во периодот на детството, адолесценцијата и раниот адултен период<br>- Планирање на семејството и безбедна бременост и поколенија | Тековно | НВО ЦЈЗ Велес | Број на одржани трибини | Буџет на локална самоуправа,<br><br>Невладини организации<br><br>ЦЈЗ Велес |

Во својата редовна работа, а во рамки на активноста здравствена едукација на целни групи (воспитно-образовни установи) согласно предвидената динамика и утврдените тематски области во текот на 2016 година, Советот за јавно здравје во соработка со Центарот за јавно здравје Велес и невладини организации кои делуваат на територијата на општината, организираа вкупно 65 предавања во сите основни и средни училишта како и во средношколскиот дом во Општината.

## 4. Делување на Советот за јавно здравје во Велес

### *4.1 Предлози и мерки за подобрување на квалитетот на водата за пиење*

Одделението по хигиена и здравствена екологија од ЦЈЗ Велес согласно Националната програма за јавно здравје врши процена на здравствено-еколошкиот ризик во врска со квалитетот на водите за пиење преку воспоставен мониторинг на исправноста на водата од локални водоводи, селски чешми и бунари, со кои не стопанисува јавно комунално претпријатие. Резултатите од извршените испитувања ЦЈЗ Велес ги доставува до Советот за јавно здравје Велес, а од таму до Одделението за урбанизам и заштита на животната средина на општината, и истите се објавуваат на веб страницата (www.veles.gov.mk) и се преземаат конкретни мерки и активности заедно со ЈКП Дервен.

Квалитетот и безбедноста на водата во селата со локални водоводи е подобрена во 2014 година во однос на 2009 година како резултат на преземените иницијативи и активности на општината и на локалното население (повремена дезинфекција на водата за пиење) во согласност со укажаните предлог-мерки од страна на ЦЈЗ Велес кој директно е вклучен во овој процес преку Советот за јавно здравје.

Графикон 1. Бактериолошки неисправни мостри вода за пиење (%) во руралните области на Општина Велес, 2009/2014 година*




** Од процесот на изработка на Бодовна картичка за еднаков пристап до вода и санитација*

За подрачјето на Општина Велес, изработена е бодовна картичка за еднаков пристап до вода и санитација, со цел подобрувањена пристапот до квалитетна вода за пиење за сите жители на општината. Во овој интерсекторски процес спроведен на Работилница за еднаков пристап до вода и санитација “Примена на бодовна картичка за еднаков пристап до вода и санитација во Република Македонија” одржана во Велес во јануари 2016 година, учествуваа повеќе институции од локално ниво: Центар за јавно здравје Велес, Општина Велес, Регионален центар за социјална работа - Велес, ЈКП Дервен – Велес и Советот за јавно здравје. Со оваа бодовна картичка се одредува квалитетот на водата за пиење и се делува соодветно.

### *4.2 Одговор на состојби кои може да предизвикаат епидемии*

На пријава од граѓани од Велес од месноста Рамина за инфестација на крлежи во повеќе домови, Одделението по епидемиологија при Центарот за јавно здравје достави писмено известување до Советот за јавно здравје за настанатата состојба. Советот го разгледа известувањето и донесе заклучок дека здравјето на населението во месноста е загрозено и поради опасност од епидемија, го проследи известувањето до Одделението за комунални дејности на опшината. Беа

преземени конкретни мерки и активности, односно општината изврши санација на теренот, чистење и отстранување на комуналниот отпад, а во соработка со ЦЈЗ Велес се изврши инсектицидно третирање на теренот и се изготвија и поделија информативни материјали за едукација на населението за вектор-преносливи болести, и како граѓаните да се заштитат, односно како да постапат во случај на појава на вакви болести и како да го спречат нивното ширење. Во овие активности Советот беше целосно вклучен преку следење, координација и стручни совети во изработката на информативните материјали.

### *4.3 Интерсекторска соработка и меѓуопштинско вмрежување за јавно здравје*

Општина Велес беше домаќин на работилницата «Сите заедно за здравје за секого до 2020 година - зајакнување на интерсекторската соработка на локално ниво за здравје и благосостојба», што се одржа во организација на Министерството за здравство, со поддршка на Светската здравствена организација, од 19 до 21 септември 2016 година во Велес. Цел на работилницата беше здружувањето на сите сектори и општествени чинители за подобра комуникација, координација и акција за унапредување на здравјето и благосостојбата на сите и на секој поединец во заедницата.

Нагласувајќи ги заедничките определби за постојано инвестирање во унапредувањето на здравјето и благосостојбата како предуслов за општествениот развој во чиј фокус е човекот, како и клучната улога на локалната заедница и интерсекторската работа на сите нивоа, м-р Славчо Чадиев, градоначалник на Општина Велес и м-р Снежана Чичевалиева, шеф на Канцеларијата на СЗО во Скопје ја отворија работилницата на која учествуваа над 70 претставници од институции од Скопје, Велес, Струмица, Неготино, Гевгелија, Свети Николе, Кавадарци и Валандово, од повеќе сектори меѓу кои здравствената и социјалната заштита, животната средина, образованието, урбанизмот, управувањето со кризи, економијата, деловниот сектор и граѓанското општество. Како заложба за подобро здравје на сите граѓани беше усвоена Заедничка изјава за интерсекторска соработка за здравје и благосостојба на локално ниво, од страна на сите присутни претставници. Ваквата заложба треба да служи како поттик, но и обврска за здравјето на сите, и од сите сектори на владата, локалната самоуправа и целото општество.

## Резиме

Според дефиницијата на Светската здравствена организација, јавното здравје се однесува на “сите организирани мерки (јавни или приватни) за да се спречи болеста, да се промовира здравјето и генерално да се продолжи животниот век кај населението”.

Во Република Македонија, јавното здравје има своја долгогодишна историја на обезбедување услуги и услови во кои луѓето можат да бидат здрави, притоа фокусирајќи се на целото население, а не на индивидуалните пациенти или болести. Во минатото, обезбедувањето на овие услуги за населението во рамките на севкупниот термин за здравствената заштита се означува како санитарно-хигиенска дејност, имунизација, епидемиолошка дејност, итн. Со цел усогласување со глобалните трендови, како и заради давање посебно место на оваа дејност во рамките на севкупната здравствена заштита - која како поширок концепт опфаќа превентивни и куративни услуги за поединецот и населението, во последните години е преименувана во “јавно здравје”, отсликувајќи ја посебната дисциплина на обезбедување услуги и услови на ниво на население и заедница.

Во вертикалното спроведување на основните функции на јавното здравје на локално ниво вклучени се Советите за јавно здравје кои се грижат за доследно спроведување на одредбите од Законот за јавно здравје, а се со цел унапредување на здравјето и благосостојбата на поединецот локалната заедница.

## Референци


1. Закон за јавно здравје, Службен весник на РМ бр. 22/10,136/11, 144/14, 149/15 и 37/16
2. Национална стратегија за здравје до 2020 година на Република Македонија, Министерство за здравство на РМ, 2016
3. Национална програма за јавно здравје на Република Македонија, Службен весник на РМ, бр. 6/16
4. Стратешка рамка и акциски план за јавно здравје на РМ до 2020 година, Министерство за здравство на РМ, 2016
5. Статут на Општина Велес, Сл. гласник на Општина Велес бр. 12/06, 03/09 и 18/10
6. Годишна програма за работа на Советот за јавно здравје на Општина Велес за 2016 година
7. Официјална веб страница на Општина Велес: www.veles.gov.mk
8. Работилница "Сите заедно за здравје за секого до 2020 година", Велес, септември 2016 година, достапно на: http://www.zdravje2020.mk/?page=vest13
9. Acheson D. Public health in England (Јавното здравје во Англија) Лондон, 1988